До:
Министерство за животна средина
и просторно планирање на РМ
1000 Скопје, Р. Македонија

Г-ѓа Билјана Петковска,
Г-ѓа Билјана Зефиќ
07.03.2018

**Предмет: Информација во врска со предмет Експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби", Општина Велес**

Почитувани, во името на компанијата ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ Скопје, со овој допис би сакале да дадеме наше мислење во врска со предметот за Експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби", Општина Велес, и зошто сметаме дека за овој предмет треба да се подготви Елаборат за животна средина.

Земајќи го во предвид мислењето од Општина Велес по однос на Известувањето за намера за изведување на проект-Експлоатација на техногена суровина (троска) на локалитето „Баш колиби", Општина Велес и повторно прегледување на законската регулатива која се однесува на проценка на влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, од овој тип на активности, би сакале да го образложиме нашиот став, односно размислување дека изработката на елаборат за животна средина е доволна:

1. Со оглед на барањето од страна на Општина Велес, дека проектните активности според Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз ивотната средина (Службен весник на РМ бр.74/05), потпаѓаат под Прилог 2. Експолоатација на минерални суровини – а) каменоломи, сите видови на површински ископувања кои не се вклучени во Прилог 1 (каменоломи и сите видови на површински ископувања со површина на локација поголема од 10 ha), сметаме дека поради тоа што концесиското поле изнесува 0,01519 $km^2$ што е помало и од 1 ha, а активноста иако е површински коп, не може да се идентификува со каменолом, па според тоа сметаме дека проектот не би припаднал под оваа точка.

2. Сметаме дека Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задлжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 36/2012), не е доволно прецизна во однос на овој вид на активности, па според тоа ги наведовме и двете категории: поглавје II – Рударство и вадење камен, односно вадење на руди и метали и површинско вадење на метални минерали руди (што би било идентично

со Прилог II, точка 2 -експлоатација на минерални суровини, а) каменоломи и сите површински копови од Уредбата за ОВЖС, но се разбира со доста помал обем), а пак поглавје X, Управување со отпад и дејности за санација на околината, точка 6, односно точка 7, инсталации (складови и собирни центри) за привремено чување на опасен отпад, односно собирање, третман и отстранување на опасен отпад, е земено во предвид и наведено поради тоа што сепак станува збор за отпад, дефиниран како техногена минерална суровина (троска). Бидејќи оваа активност не е прецизно дефинирана во горе наведената Уредба, беше поднесено Известувањето за намера за изведување на проект и побарано мислење за истотото.

3. Согласно Законот за концесии и јавно-приватно партнерство (работна неофицијална верзија на пречистен текст), член 16, кој се однесува на подготвителни работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство, подготвителните работи покрај другото вклучуваат и проценка на влијанијата врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавно приватно партнерство. Во Договорот за концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес, склучен помеѓу Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз – увоз „ЕКОЦЕНТАР 97“ ДООЕЛ Скопје и Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија, член 12 се однесува на обврските за заштита на животната средина, кои што укажуваат на тоа дека експлоатацијата на минералната суровина концесионерот е должен да ја врши согласно пропишаниот режим и мерки за заштита дефинирани во елаборатот, односно студијата за заштитата на животната средина, како и кон дополнителните решенија доколку во текот на експлоатацијата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција. Бидејќи Договорот, односно концесијата е веќе доделена, сметавме дека претходно е реализирана комуникација и консултација помеѓу двете Министерства и е дефинирано во која форма би била проценката на влијанијата врз животната средина.

4. Во контекст на потребата од елаборат за животна средина, би сакале да го наведеме и фактот дека, во рамки на проектот за подготовка на техничка документација за затворање, санација и рехабилитација, како и понатамошна грижа за нестандардни депонии за комунален отпад и диви депонии во Источен и Североисточен регион, кој е финансиран од Европската Унија (PA/OPRD2007-2011/3.2/LOT6/13), а имплементиран од Particip GmBH и ETI Consulting, до МЖСПП биле доставени известувања за намера за изведување на проекти за затворање, санација, рехабилитација и понатамошна грижа за депонии за комунален отпад за 11 локации на комуналну нестандардни и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион на Република Македонија, од кои 3 се оценети со висока оцена на ризик, 8 со средна оцена на ризик. По однос на известувањата е издадено мислење дека потребно е да се изработат елаборати за заштита на животната средина, и по нивната изработка се издадени решенија за одобрување, кои се наоѓаат на следниот линк. http://www.moepp.gov.mk/?page_id=8255

**На крај би сакале да Ве известиме дека доколку биде определена потребата од изработка на елаборат за заштита на животна средина, во целост би ги прифатиле сугестиите од страна на општина Велес кои се однесуваат во дополнување на влијанијата првенствено врз квалитетот на воздухот, во фазата на изведување на работите, како и дефинирање на детални мерки за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух и рекултивација на локацијата.**

Се надеваме дека, во најскоро време ќе може да започнеме со реализирање на нашите работни задачи и ќе може да го исчистиме повеќе деценискиот загадување во Велес, затоа и се надеваме дека ќе донесете одлука за изготвување на елаборат за животна средба за предметот Експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби", Општина Велес. Доколку е потребно на состанок можеме во детали да ги разгледаме сите аспекти на проблемот.

Со почит
Владо Момировски, Управител
ЕКОЦЕНТАР97 ДООЕЛ Скопје